**НОВИ ДИЈАЛОЗИ**/ ПРОГРАМА: **ТАЛЕНТ**
ИЗЛАГАЊЕ НА НИКОЛА ЃОРЃИЕВСКИ

На 31.10.2017 година, со почеток во 18 часот, на Архитектонскиот факултет во Скопје се одржа вториот од серијата планирани излагања во рамки на вonнаставната платформа „Нови дијалози“.

Во рамки на програмата „Талент“, свое излагање имаше Никола Ѓорѓиевски, поранешен студент на Архитектонскиот факултет во Скопје, кој по комплетирањето на вториот циклус постдипломски студии на Архитектонскиот факултет во Скопје своето образование го продолжува на нови магистерски студии во Осло, Норвешка, при државната архитектонска школа „AHO – The Oslo School of Architecture and Design” насока “Landscape Urbanism”. Дел од своите студии тој ги поминува во Глазгов, Шкотска, при школата за архитектура „The Mackintosh School of Architecture” (MSA), во склоп на школата за уметности „The Glasgow School of Art” (GSA).

Во своето излагање, Ѓорѓиевски презентираше истражување во рамки на студио програмата на AHO, на тема “A Motorway Named Rio”, односно булевари кои во услови на поројни дождови се претвораат во реки во градот Сан Луис Потоси, низ пејзажите на Мексико. Клучно во презентацијата беше претставувањето на целата работна методологија на проектот, како и постапката на интерактивно мапирање и користење алатки кои акутелните градски пробелми и состојби ги набљудуваат низ призма на пејзажен урбанизам, созадавајќи низа на пилот проекти. Ѓорѓиевски особено се осврна на методите кои ги избегнуваат тенденциите на еколошкиот и технолошкиот фундаментализам и отвораат сценарија во прилог на експериментирање, игра и забава. Поуката од проектот е дека поплавите во градот Сан Луис Потоси можат да претставуваат дури и ден за славење!

По неговото прегледно и динамично излагање следуваше дискусија во која земаа учество повеќе студенти и наставници од Архитектонскиот факултет во Скопје.